ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.бр.91/11
13.12.2011 год.

# О Г Л А С

ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС објавува дека со решение СТ.бр.91/11 од 13.12.2011 год.СЕ ОТВАРА стечајна постапка над имотот на должникот Друштво за производство,трговија и услуги КОЈНИК извоз-увоз ДООЕЛ од Велес,со седиште на улица Плоштад Којник бр.17 во Велес,со единствен матичен број на субјектот 5276608,со единствен даночен број 4004999109152,со сметка бр./ и приоритетна дејност 10.71 Производство на леб,слатки (колачи,торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) и истата поради немање имот не се спроведува и отворената стечајна постапка,СЕ ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија и другите регистри.

Решението да се објави во "Службен весник на РМ",огласна табла на судот и на веб страницата на ЦР на РМ.

Против ова решение доверителите имаат право на жалба до стечајниот совет на овој суд во рок од 8 дена од објавувањето на решението во „Сл.весник на РМ".Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Трошоците на стечајната постапка ги поднесува предлагачот а СЕ УТВРДУВААТ во вкупен износ од 23.392,00 денари.Преостанатиот износ од 1.608,00 денари да се уплати на сметка на буџетот на РМ.

Стечаен судија

Биљана Јачева